26610

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
13. VII. 1980, 12023, 10,

I

**ИЗЛОЖБИ**

# КАТАСТРОФИТЕ КАКО — ИНСПИРАЦИЈА

## • Кон изложбата на Весна Поповиќ во Музејот на современата уметност во Скопје

Изложби на дизајн кај нас се сосем ретки. Затоа посетителот станува уште поизненаден и од самиот наслов на изложбата: »Дизајнот во услови на природни катастрофи«. Дилемата во поглед на тоа за што, всушност се работи произлегува од традиционалното сфаќање кое како примарно ја има естетската димензија на дизајнот. Како една од најзначајните интердисциплинарни дејности во денешно време дизајнот како »применета уметност« не може да се гледа само од еден аспект што многу добро го покажува оваа изложба. Весна Поповиќ е еден од ретките автори што се занимава со индустриски дизајн, за кој Виктор Папанек мисли дека »малку професии се поштетни« од него. Таа проектира контејнер — минимална здравствена единица што може лесно да се транспортира, а која ќе служи за укажување помош и спасување живот.

Поповиќ улогата на дизајнерот ја сфаќа како комплексна дејност, што подразбира мултидисциплинарен пристап, и која опфаќа повеќе фази во методот на работа имајќи ги предвид настанатите услови на потешки природни катастрофи, како што се: идентификување на потребите, анализирање на расположивите податоци, проучување и избирање на дизајн — решенија и создавање финален дизајн за производство. Притоа дизајнот, како што нагласува Поповиќ, може да помогне за развивање нова или подобра опрема и систем од комуникации за користење во сите стратегиски фази. Таа ја одредува основата на студијата, проозициите на медицинската единица истакнувајќи ја потребата од дизајнирање на универзален медицински контејнер што би бил корисен при катастрофи што имаат разорно дејство. Секоја единица на контејнерот е составена од два елемента со зајакната пластина меѓусебно споени со »концетрин« и таа може да биде користена во комбинација како систем, чии елементи по потреба можат да се модифицираат. Може да се каже дека медицинскиот контејнер е мошне компактна целина што може лесно да се транспортира и ефикасно да биде употребена. Поповиќ дошла до една концепција на цел еден систем кој може да биде ефикасно употребен и користен од поширок круг луѓе и за тоа да нема потреба од посебно обучување на персоналот.

Предностите на оваа концепција авторот ги согледува во неговата поевтина изработка, лесно одржување на опремата и во поедноставување на дизајн — елементите и на работните процедури, за да се задоволат сложените потреби при специфична ситуација.

Сите овие моменти лесно можат да се забележат во предложените решенија на Весна Поповиќ, чиј дизајн добива хумана димензија и функција, чија строга ликовна концепција нема многу заедничко со »естетиката« на комерцијалниот дизајн и создавањето облици кои ја задоволуваат поминливата потреба за »убавото« присутно во нашето секојдневие и потрошувачкиот менталитет.

Ваквите напори кон создавање поблиска врска меѓу човекот, естетиката на предметот и неговата функција можат нај адекватно да бидат наградени со реализирање и практична употреба на овие медицински контејнери кои за основна цел имаат оптимално и најефикасно давање помош на настраданите.

**В. Величковски**